**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 март 2017 година

## Соопштение за печат

## Позначајни промени кај надворешниот долг, надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција: четврт квартал 2017 година

**Нето надворешниот долг,** на крајот на 2017 година, изнесува 2.881 милион евра (28,6% од БДП) и забележа квартално зголемување од 8 милиони евра. Притоа, зголемувањето на нето-задолжувањето во текот на четвртиот квартал произлегува од зголемениот нето приватен долг (за 18 милиони евра), при намалување на нето јавниот долг (за 10 милиони евра). На крајот на 2017 година **бруто надворешниот долг** на Република Македонија изнесува 7.403 милиони евра или 73,6% од БДП и забележа квартално намалување од 240 милиони евра, додека **бруто надворешните побарувања** изнесуваат 4.523 милиони евра (44,9% од БДП) и исто така бележат квартално намалување за 248 милиони евра.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција[1],** на крајот на 2017 година, изнесува 6.022 милиона евра, или 59,8% од БДП за 2017 година. И натаму најголемиот дел (79,9%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 74,3% се врз основа на сопственички капитал. Во споредба со претходниот квартал, нето негативната меѓународна позиција е зголемена за 118 милиони евра.

### Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2016 | | 30.09.2017 | | 31.12.2017 | | квартална промена | | | промена во однос на крај на претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **7,216.6** | **74.2** | **7,642.9** | **75.9** | **7,403.4** | **73.6** | **-239.6** | **-3.1** | **-2.4** | **186.8** | **2.6** | **-0.7** |
| ***Бруто надворешен долг без репо*** | **7,216.6** | **74.2** | **7,338.3** | **72.9** | **7,403.4** | **73.6** | **65.1** | **0.9** | **0.6** | **186.8** | **2.6** | **-0.7** |
| Долгорочен долг | 5,633.9 | 57.9 | 5,539.4 | 55.0 | 5,624.4 | 55.9 | 85.0 | 1.5 | 0.8 | -9.5 | -0.2 | -2.1 |
| Краткорочен долг | 1,582.7 | 16.3 | 2,103.6 | 20.9 | 1,779.0 | 17.7 | -324.6 | -15.4 | -3.2 | 196.3 | 12.4 | 1.4 |
| Јавен долг | 3,445.3 | 35.4 | 3,710.2 | 36.9 | 3,461.7 | 34.4 | -248.4 | -6.7 | -2.5 | 16.4 | 0.5 | -1.0 |
| Приватен долг | 3,771.2 | 38.8 | 3,932.8 | 39.1 | 3,941.7 | 39.2 | 8.9 | 0.2 | 0.1 | 170.4 | 4.5 | 0.4 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **4,587.0** | **47.2** | **4,770.5** | **47.4** | **4,522.6** | **44.9** | **-247.9** | **-5.2** | **-2.5** | **-64.4** | **-1.4** | **-2.2** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо*** | **4,587.0** | **47.2** | **4,464.8** | **44.4** | **4,522.6** | **44.9** | **57.7** | **1.3** | **0.6** | **-64.4** | **-1.4** | **-2.2** |
| **Нето надворешен долг** | **2,629.6** | **27.0** | **2,872.5** | **28.5** | **2,880.8** | **28.6** | **8.3** | **0.3** | **0.1** | **251.2** | **9.6** | **1.6** |
| **МИП, нето** | **-5,576.0** | **-57.3** | **-5,903.3** | **-58.6** | **-6,021.6** | **-59.8** | **-118.3** | **2.0** | **-1.2** | **-445.6** | **8.0** | **-2.5** |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2016 година е претходен податок на ДЗС, додека податокот за 2017 година е проценка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 8.3.2018 година).

Извор: НБРМ, ДЗС.

[1] Меѓународната инвестициска позиција (МИП) претставува статистички извештај којшто ги прикажува состојбите на надворешните финансиски средства и финансиски обврски на Република Македонија на определен датум, т.е. побарувањата од и обврските кон нерезиденти врз основа на финансиски инструменти. Притоа, негативната нето меѓународна инвестициска позиција значи дека финансиските обврски ги надминуваат финансиските побарувања од нерезидентите.

## *Бруто надворешен долг*

Бруто надворешниот долг на крајот на 2017 година изнесува 7.403 милиони евра, при квартално намалување на долгот од 240 милиони евра (или 3,1%). Оваа промена е резултат на намалувањето на јавниот надворешен долг за 248 милиони евра, при истовремено зголемување на приватниот надворешен долг за 9 милиони евра.

Доколку се исклучи ефектот од специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка[2] коишто во последниот квартал предизвикаа намалување на обврските за 305 милиони евра, бруто надворешниот долг бележи зголемување за 65 милиони евра. Притоа, јавниот долг (без активностите за управување со девизните резерви) расте за 56 милиони евра, од кои долгот на секторот „држава" е зголемен за 42 милиона евра, а долгот кај јавните претпријатија и јавните банки за 14 милиони евра.







Извор: НБРМ.

Во споредба со крајот на 2016 година, зголемувањето на надворешниот долг за 187 милиони евра главно произлегува од растот на долгот на приватниот сектор (за 170 милиони евра), а во помал дел и од долгот на јавниот сектор (за 16 милиони евра). Растот на приватниот долг главно произлегува од зголемените обврски на капитално поврзаните субјекти (за 132 милиона евра), небанкарскиот приватен сектор (за 27 милиони евра) и долгот на приватните банки за 11 милиони евра.

---

[2] Се однесува на репо-активности на НБРМ. При склучувањето на репо-трансакциите се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се склучуваат, на нето-основа овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

## *Бруто надворешни побарувања*

Бруто надворешните побарувања, на крајот на декември 2017 година, изнесуваат 4.523 милиони евра.

Намалувањето на вкупните бруто надворешни побарувања во четвртиот квартал (за 248 милиони евра) речиси во целост произлегува од намалувањето на јавните побарувања (за 239 милиони евра), со минимално намалување и на приватните побарувања (за 9 милиони евра). Притоа, доколку се исклучи ефектот од специфичните активности на централната банка поврзани со управувањето со девизните резерви[2], јавните побарувања се повисоки за 67 милиони евра.

Во споредба со крајот на 2016 година, падот на надворешните побарувања (за 64 милиони евра), произлегува од намалувањето на јавните побарувања (за 273 милиони евра), коишто делумно се компензирани со зголемените приватни побарувања (за 209 милиони евра). Секторски гледано, од почетокот на годината, намалувањето на вкупните надворешни побарувања произлегува од централната банка (273 милиони евра), додека другите институционални сектори (главно домашниот корпоративен сектор) бележат зголемување на побарувањата.







Извор: НБРМ.

## *Нето надворешен долг*

Во услови на посилно квартално намалување на бруто надворешните побарувања, во однос на намалувањето на бруто надворешниот долг, нето надворешниот долг во четвртиот квартал е зголемен за 8 милиони евра (0,3%) и на крајот на 2017 година изнесува 2.881 милион евра (28,6% од БДП).

Во однос на крајот на 2016 година, нето надворешниот долг е зголемен за 251 милион евра (9,6%).







Извор: НБРМ.

## ***Меѓународна инвестициска позиција, нето***

Во текот на четвртиот квартал од 2017 година, негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) е зголемена за 118 милиони евра и изнесува 6.022 милиона евра (или 59,8% од БДП за 2017 година).

Кварталното зголемување на негативната МИП, нето, во најголем дел произлегува од намалувањето на средствата (за 236 милиони евра), делумно неутрализирано од намалувањето на обврските (за 118 милиони евра). Од аспект на инструментите, зголемувањето на негативната нето МИП речиси во целост се објаснува со промените кај сопственичките инструменти (за 110 милиони евра), при помали промени и кај должничките инструменти (за 8 милиони евра). Кварталното зголемување на нето-обврските од сопственички инструменти главно се должи на растот на нето-обврските кај сопственичкиот капитал од директни инвестиции.

Во споредба со крајот на 2016 година, негативната нето МИП бележи збирен раст од 446 милиони евра, што е резултат на зголемените нето-обврски врз основа на должнички и сопственички инструменти (за 251 и 194 милиони евра, соодветно). Годишниот раст на нето-обврските кај сопственичките инструменти главно произлегува од нето-обврските врз основа на директни инвестиции.

## Меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

(во милиони евра)

| МИП, по инструменти | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | Кв.1-2017 | Кв.2-2017 | Кв.3-2017 | Кв.4-2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Средства** | **2.785,5** | **3.258,4** | **4.113,2** | **4.257,5** | **4.082,5** | **4.634,0** | **4.571,9** | **5.171,3** | **5.576,9** | **5.388,2** | **5.398,6** | **5.162,8** |
| Директни инвестиции | 244,2 | 333,6 | 393,6 | 533,6 | 617,8 | 475,6 | 655,0 | 811,9 | 940,1 | 994,1 | 1.039,4 | 974,6 |
| Портфолио инвестиции | 6,5 | 25,9 | 45,5 | 63,1 | 107,7 | 155,0 | 212,6 | 255,2 | 259,0 | 270,9 | 291,4 | 300,2 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Останат сопственички капитал | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,9 | 0,9 | 1,0 | 1,2 | 1,16 | 0,86 | 0,86 | 0,81 |
| Валути и депозити | 473,2 | 555,1 | 588,2 | 537,0 | 540,0 | 623,6 | 615,4 | 627,3 | 557,9 | 536,9 | 599,8 | 635,5 |
| Заеми | 22,0 | 86,3 | 320,1 | 246,4 | 91,3 | 98,2 | 67,1 | 52,1 | 433,7 | 332,4 | 361,8 | 56,2 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Трговски кредити и аванси | 408,8 | 543,0 | 696,9 | 684,1 | 730,3 | 842,7 | 757,4 | 809,6 | 850,0 | 852,9 | 833,8 | 859,2 |
| Останати сметки за наплата | 33,5 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 1,4 | 1,5 | 1,7 | 0,5 | 0,64 | 0,2 | 0,1 | 0,1 |
| Девизни резерви | 1.597,5 | 1.714,5 | 2.068,9 | 2.193,3 | 1.993,0 | 2.436,5 | 2.261,8 | 2.613,4 | 2.534,4 | 2.399,9 | 2.271,4 | 2.336,3 |
| **Обврски** | **6.398,0** | **6.887,9** | **8.079,0** | **8.435,1** | **8.640,8** | **9.183,0** | **9.654,6** | **10.747,3** | **11.355,8** | **11.367,6** | **11.301,9** | **11.184,4** |
| Директни инвестиции | 3.318,8 | 3.514,8 | 3.914,4 | 4.146,8 | 4.485,7 | 4.378,3 | 4.951,3 | 5.392,2 | 5.654,2 | 5.686,8 | 5.676,1 | 5.783,9 |
| Портфолио инвестиции | 412,0 | 398,6 | 324,7 | 408,3 | 253,2 | 776,6 | 848,8 | 1.362,2 | 1.396,0 | 1.440,2 | 1.442,4 | 1.477,5 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Останат сопственички капитал | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 4,1 | 4,4 | 4,3 | 6,0 | 6,0 | 6,0 | 6,0 | 6,0 |
| Валути и депозити | 198,8 | 195,8 | 134,0 | 198,7 | 168,4 | 157,7 | 148,5 | 174,2 | 153,8 | 204,9 | 153,4 | 195,2 |
| Заеми | 1.630,7 | 2.028,5 | 2.785,9 | 2.771,8 | 2.883,1 | 3.024,4 | 2.961,7 | 3.014,7 | 3.315,3 | 3.201,9 | 3.168,4 | 2.871,6 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Трговски кредити и аванси | 637,9 | 673,8 | 841,7 | 832,8 | 773,2 | 763,4 | 656,7 | 714,6 | 747,6 | 747,8 | 777,1 | 771,9 |
| Останати сметки за плаќање | 128,1 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Специјални права на влечење (нето-создавање обврски) | 71,7 | 76,4 | 78,3 | 76,7 | 73,2 | 78,2 | 83,2 | 83,2 | 83,0 | 80,1 | 78,4 | 78,2 |

Извор: НБРМ.







Извор: НБРМ.

## *Ревизии на податоци*

Податоците за бруто надворешниот долг и побарувањата во ова соопштение содржат редовни ревизии на податоците за периодот јануари – септември 2017 година. Промените кај **бруто надворешниот долг** речиси во целост произлегуваат од подобриот опфат и квалитет на податоците кај заемите и во помал дел заради трговските кредити и аванси. Од аспект на насоката на промените, во трите квартали на 2017 година тие покажуваат намалување на бруто надворешниот долг за 71 милион евра, 69 милиони евра и 67 милиони евра, соодветно, по квартали. Ревизијата на **бруто надворешните побарувања** за наведениот период доведе до нивно минимално зголемување, и тоа за 2 милиони евра, 3 милиони евра односно 6 милиони евра, соодветно за секој квартал и речиси во целост произлегува од зголемениот износ на побарувањата врз основа на трговските кредити и аванси од комерцијално работење. Овие промени соодветно се одразија со ревизија по квартали и кај **нето надворешниот долг**.

Ефектот од ревизијата на податоците за **меѓународната инвестициска позиција, нето**, е заради намалување на негативната МИП за 71 милион евра во првиот квартал, 68 милиони евра во вториот и 68 милиони евра во третиот квартал. Ревизијата ги опфаќа промените кај должничките инструменти, како и новите податоци добиени од кварталните извештаи за остварениот и планираниот финансиски резултат во тековната година на друштвата со вложувања од странство.

## *Придружни информации*

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за бруто надворешниот долг и бруто надворешните побарувања:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatoci-nd.nspx

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatoci-mip.nspx

Квартални информации за бруто надворешниот долг, бруто надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-informacii-mip.nspx

Методолошки појаснувања за бруто надворешниот долг и побарувања:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatoci-nd.nspx

Методолошки појаснувања за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatoci-mip.nspx

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Следни објавувања: Календар на објавување на податоците:
http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Квартален бруто надворешен долг, бруто надворешни побарувања и меѓународна инвестициска позиција: 29 јуни 2018 година (референтен пресек заклучно со март 2018 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).